ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Равен бр. 8 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 **033 441 3 21** + +389 **033 441 322**
e-mail: opstina_pehcevo@t.mk
**www.pehcevo.gov.mk**

# П Р А В И Л Н И К

## *за систематизација на работните места во општина Пехчево*

**Пехчево 2023**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, Службен весник на Република Северна Македонија 143/19, 143/20), Градоначалникот наопштина Пехчево, на ден____________ година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за систематизација на работните места во Општина Пехчево**

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овојправилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници, даватели на услуги, помошно – технички лица) во општина Пехчево, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единиции посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

**Член 2**

Работите и задачите што се вршат во општина Пехчево се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

**Член 3**

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во општина Пехчево.

**Член 4**

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Пехчево, е во прилог на овој Правилник за систематизација на работните места

## II.РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Член 5**

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 40 работни места на административни (извршители),од кои 35 работни места извршители на административни службеници и 5 работни места извршители на помошно технички лица распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Општина Пехчево, од кои пополнети се 9 работни места извршители на административни службеници и 2 работни места извршители на помошно технички лица, односно вкупно 11 извршители.

Работните места на административните службеници се распоредени на следниов начин:

| Ниво | Систематизирани работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| А05 | 1 | / |
| Б01 | / | / |
| Б02 | / | / |
| Б03 | / | / |
| Б04 | 6 | / |
| В01 | 15 | 3 |
| В02 | / | / |
| В03 | 2 | / |

| | | |
|---|---|---|
| В04 | 6 | 3 |
| Г01 | 5 | 3 |
| Г02 | / | / |
| Г03 | / | / |
| Г04 | / | / |
| вкупно | 35 | 09 |

**Член 6**

Општи услови утврдени со законот за административни службеници друг закон или колективен договор за административни службеници се:

- да е државјанин на РепубликаМакедонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Член 7**

1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор, за раководните административни службеници од категоријата Б се:

а) Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

б) активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);

в) активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

г) потврда за положен испит за административно управување;

д) работно искуство, и тоа:

- за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор; или
- за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

(2) Потребни општи работни комепетенции на напредно ниво:

- решавање на проблеми и одлучување за работи од свпјот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

**Член 8**

1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

а) стручни квалификации, и тоа:

- за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; и
- за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен.

б) активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), за сите нивоа;

в) активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

г) работно искуство, и тоа:

- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката;
- за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката;
- за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката; или
- за нивото В4 со или без работно искуство во струката.

(2) Потреби општи работни комепетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

**Член 9**

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/ друг посебен закон или колективен договор за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:

а) ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование;

б) активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) за сите нивоа;

в) активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

г) работно искуство, и тоа:

- за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката;
- за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката;
- за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката; или
- за нивото Г4 со или без работно искуство во струката.

(2)Потреби општи работни комепетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување**.**

**Член 10**

1) Кандидатот за инспектор од категорија Б, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови:

1) стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС илизавршен VII/1 степен;

2) работно искуство и тоа:

- Б1 – најмалку шест години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор,

- Б2 – најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор и

- Б3 и Б4 – најмалку четири години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку една година како инспектор;

3) општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;

4) посебни работни компетенции за сите нивоа:

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Член 11**

(2) Кандидатот за инспектор од категорија В, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови за: 1) стручни квалификации и тоа:
- за нивото В1 – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- за нивоата В2, В3 и В4 - ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и 2) работно искуство и тоа:
- В1 – најмалку три години работно искуство по дипломирањето,
- В2 – најмалку две години работно искуство по дипломирањето,
- В3 – најмалку една година работно искуство по дипломирањето,
- В4 – со и без работно искуство по дипломирањето;
3) општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;
4) посебни работни компетенции за сите нивоа: - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**III.РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИ ЛИЦА**

**Член 12**

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 5 работни места на помошно - техничките лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Општина Пехчево, од кои пополнети се 2 работни места (извршители)

| Ниво | Систематизирани извршители | Пополнети извршители |
|---|---|---|
| Ниво А3 | 2 | 1 |
| Ниво А2 | 3 | 1 |
| Вкупно | 5 | 2 |

**Член 13**

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно техничките лица во областа Возач од категоријата УПР 0403А03001 се:
Стручни квалификации и тоа:

- За нивото УПР 04 03А03 001, Средна стручна подготовка без работно искуство , Возачка дозвола за Б-Категорија.

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно техничките лица во областа Хигиената од категоријата УПР 04 05 А02 001 се

- Стручни квалификации и тоа
- За ниво УПР 04 05 А02 001 за нивото А2 - основно образование, без работно искуство.

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно техничките лица во областа Портир и обезбедување од категоријата УПР 04 02 А02 001 се

- Стручни квалификации и тоа
- За ниво УПР 04 02 А02 001
- Лиценца за обезбедување - средно образование, без работно искуство.

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно техничките лица во областа Домаќин - Хаусмајстор од категоријата УПР 04 05 А02 015 се

- Стручни квалификации и тоа
- За ниво УПР 04 05 А02 015
- средно образование, без работно искуство.

## IV.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

### Административна служба

| Секретар на општина со седиште во град | |
|---|---|
| | |
| **Реден број** | 1. |
| **Шифра** | УПР0101А04000 |
| **Ниво** | А4 |
| **Звање** | Секретар на општина со седиште во град |
| **Назив на работно место** | Секретар на општина |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Градоначалникот |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје:Општествени науки<br>Научно истражувачко поле: Право |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | -Активно, ефективно и ефикасно остварување на законско, ефикасно и ефективно работење<br>- извршување на надлежностите на општината кои се од локален интерес за општината,<br>- обезбедување на извршувањето на други надлежности утврдени со закон, како и подршка и спроведување на работата и политиката на градоначалникот за развој на општината |
| **Работни задачи и обврски** | - го организира, координира, обединува и насочува извршувањето на работите и задачите во општинската администрација и се грижи за нивното законско, ефикасно, навремено и квалитетно извршување;<br>- ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината, врши анализа на состојбата и дава иницијатива и предлози за нивно решавање;<br>- одржува контакти на соодветно ниво со домашни и со меѓународни организации и непосредно соработува со секретарите во органите од член 3, став 2 од Законот за државните службеници; |

| | |
|---|---|
| | - одржува колегиум со раководителите на одделенијата во општинската администрација;<br>- го советува и му помага на градоначалникот во врска со комплексни активности и постапки што претставуваат новина и што не спаѓаат во редот на стандардните постапки;<br>- дава упатства за работа на општинската администрација;<br>- ги следи и се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците, насоките и упатствата на градоначалникот и ја следи работата на јавните служби и предлага мерки за ефикасно и ефективно извршување на нивната работа;<br>-го обединува работењето и ја унапредува хоризонталната координација на сите одделенија во општинската администрација |

| | |
|---|---|
| **2.Одделение за правни, општи работи и јавни дејности** | |
| **Реден број** | 2 |
| **Шифра** | УПР0101Б04000 |
| **Ниво** | Б4 |
| **Звање** | Раководител на одделение |
| **Назив на работно место** | Раководител на одделение за правни, општи работи и јавни дејности |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје: Општествени науки<br>Научно истражувачко поле: Право |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | -Активно, ефективно и ефикаснообезбедување вршење на работите од подрачјата за кој е формирано одделението,<br>следење на законските прописи за локалната самоуправа, други закони, прописи и општи акти,<br>- ефикасно раководење со одделението |
| **Работни задачи и обврски** | - раководи со одделението, ја организира, насочува и координира работата на одделението и ги распоредува работите и задачите на вработените во одделението, врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите од одделението и подготвува и предлага план за работа на одделението и се грижи за реализирање на планот за работа;<br>- одговорен е за ефикасното и ефективно застапување на општината во правните работи и споровите пред надлежните судови и други органи во РМ;<br>- ги следи законите и другите прописи од обласга на основното образование, културата, спортот социјалната, детската и здравствената заштита и се грижи за нивна примена во општината и одговорен е за вршењето на работите поврзани со основањето, престанокот, финансирањето и учеството на претставници на општината во органите на управување во основните училишта на подрачјето на општината;<br>- се грижи за обезбедување услови за развој на квалитетниот спорт во општината, за организирање, поттикнување и помагање спортски манифестации и приредби од значење за општината и за изградба и одржување на спортски објекти од значење за општината;<br>- одговорен е за институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за општината, иницира, предлага и по потреба раководи и учествува во проекти од областа на образованието, културата, спортот, |

| | |
|---|---|
| | социјалната детската и здравствената заштита;<br>- се грижи за негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и други културни вредности, за организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични творби на творештво, одбележување на настани од значење за општината;<br>- одговорен е за подготвувањето на среднорочниот и долгорочниот план за управување со недвижниот имот на општината и за ефикасна и квалитетна организација на евиденцијата на недвижниот имот и имотните права и интереси на општината, одговорен е за ефикасно спроведување на постапките за експропријација на недвижен имот заради реализација на работите од јавен интерес;<br>- врши оценување на работењето на вработените во одделението и се грижи за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во одделението; |

| | |
|---|---|
| **2.Одделение за правни,општи работи и јавни дејности** | |
| **Реден број** | 3. |
| **Шифра** | УПР0101В01000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за нормативно правни работи |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје: Општествени науки<br>Научно истражувачко поле: Право |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно ефективно и ефикасно изготвување на одлуки, општи и конкретни акти од надлежност на одделението |
| **Работни задачи и обврски** | - извршува рутински работи и задачи кои се вршат во одделението во врска со нормативно- правни работи;<br>- континуирано ги следи и проучува законите и другите прописи во врска со дејностите и прашањата од надлежност на општината;<br>- изготвува стручно-аналитички и други материјали за работните тела и заклучоци од седниците на телата и седниците на советот;<br>- Го подготвува планот на архивските знаци и листите на категориите за чување на архивската граѓа и регистраторскиот материјал;<br>- изготвува предлози за донесување на нацрти и предлози на општи акти од надлежност на градоначалникот;<br>- изготвува анализи, информации и други материјали;<br>- учевствува во давање стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти |

| | |
|---|---|
| **2. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности** | |
| **Реден број** | 4. |
| **Шифра** | УПР0101В01000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за култура |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје: Хуманистички науки и уметности |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно извршување на работни задачи од областа на културата, изготвување на програма за култура и учествување во организацијата и одржвањето на културни настани |
| **Работни задачи и обврски** | - континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на културата и локалната самоуправа;<br>- ја подготвува програмата за култура и програмата за одбележување на значајни празници и личности;<br>- дава предлози за распределба на средства за установите од културата добиени од наменски и блок дотации;<br>- изготвува проекти од областа на културата и дава мислење за предложените проекти од оваа област и раководи или учествува во работата на проектните тимови за реализација на проекти од областа на културата;<br>- врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби и изготвува анализи, информации и стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот<br>- изготвува програми за одбележување на празници и значајни настани,<br>- учествува во подготвка на програмата за одбележување на настани и личности од значење за општина Пехчево |

| | |
|---|---|
| **2.Одделение за правни, општи работи и јавни дејности** | |
| **Реден број** | 5. |
| **Шифра** | УПР0101В03000 |
| **Ниво** | В3 |
| **Звање** | Соработник |
| **Назив на работно место** | Соработник за административни работи од областа на правото |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје: Општествени науки<br>Научно истражувачко поле: Право |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно извршување нормативно правни работи за органите на општината и општинската администрација |

| | |
|---|---|
| | |
| **Работни задачи и обврски** | - извршува рутински работи и задачи кои се вршат во одделението во врска со нормативно- правни работи;<br>- континуирано ги следи и проучува законите и другите прописи во врска со дејностите и прашањата од надлежност на општината;<br>- изготвува стручно-аналитички и други материјали за работните тела и заклучоци од седниците на телата и седниците на советот;<br>- Го подготвува планот на архивските знаци и листите на категориите за чување на архивската граѓа и регистраторскиот материјал;<br>- изготвува предлози за донесување на нацрти и предлози на општи акти од надлежност на градоначалникот;<br>- изготвува анализи, информации и други материјали;<br>- учевствува во давање стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти |

| | |
|---|---|
| | |
| **2. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности** | |
| **Реден број** | 6. |
| **Шифра** | УПР0101В04000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за ажурирање на ВЕБ страната на општината |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје: Инженерство и технологија<br>Научно истражувачко поле:Електрично инженерство, електронско инженерство и информатичко инженерство |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно ефикасно и ефективно изготвување на веб страната на општината и нејзино ажурирање |
| **Работни задачи и обврски** | -се грижи за квалитетно и оптимално функционирањеи користење на расположливата комуникациска инфраструктура<br>-помага при изготвување на база на податоци за веб страната на општината,<br>- помага при организирање и администрирање на ефикасното користење на VPN, Firewall, Intranet (LAN, WAN ) i internet и ги креира и администрира процедурите за заштита и сигурност на информациониот систем,<br>- помага при вршење на контрола на базата на податоци на информатичко комуникациската опрема, договори, лиценци, гаранции и проекти,<br>- помага при изготвување на билтен и годишен информатор на општината |

| | |
|---|---|
| **2. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности** | |
| **Реден број** | 7. |
| **Шифра** | УПР0101В04000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за едношалтерско работење |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделението |
| **Вид на образование** | Високо образование |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно овозможување на максимално користење на ресурсите на локалната власт преку едношалтерско давање на услуги и информирање и упатување на граѓани или други странки до одговорниот службеник во институцијата за односниот предмет |
| **Работни задачи и обврски** | - ја следи работата на локалната самоуправа со цел давање на точни информации при информирање на граѓаните<br>- ги пренесува информациите на ВЕБ страната на општината<br>- помага при селектирање на информации за слободен пристап на граѓаните и истите по барање на граѓаните ги доставува<br>- помага при воспостувањето електронска архива која овозмножува автоматизиран процес на електронско чување и пребарување на документи<br>- обезбедува ефикасно и подеднакво давање на услуги до сите корисници во општината<br>- ги запознава граѓаните со оснпвни информации во остварувањето на нивното барање<br>- им помага на граѓаните во доставувањето на нивните барања до органот<br>- ги упатува граѓаните до соодветна служба за нивниот предмет во органот, обезбедува непосреден контакт на граѓанинот со соодветниот службеник<br>- ги известува службениците за барање од гракаnите |

| | |
|---|---|
| **2. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности** | |
| **Реден број** | 8. |
| **Шифра** | УПР0101Г01000 |
| **Ниво** | Г1 |
| **Звање** | Самостоен референт |
| **Назив на работно место** | Самостоен референт за архивско и канцелариско работење |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделението |
| **Вид на образование** | Вишо, средно гимназиско образование или средно стручно образование |

| | |
|---|---|
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно архивско работење, зачувување на архивската граѓа и документираниот материјал, во пишувана и електронска, селектирање на документираниот материјал и архивската граѓа од интерес на општината |
| **Работни задачи и обврски** | - ги следи и ги применува законските и другите прописи што се однесуваат на архивското работење;<br>- се грижи за правилно архивирање на сите предмети според планот на архивските знаци и листите на категории за чување на архивската граѓа и на регистраторскиот материјал;<br>- води евиденција за примени, пратени и архивирани предмети;<br>- учествува во подготовката на планот на архивските знаци и листите на категории за чување на архивската граѓа и на регистратурскиот материјал;<br>- изготвува попис на архивската граѓа од трајна вредност, која во средена состојба му се предава на Државниот архив на Република Македонија;<br>- собира, средува и обработува архивски материјали;<br>- се грижи за безбедно чување на архивскиот материјал од секаков вид оштетување или уништување;<br>- учествува во работата на комисијата за уништување нарегистратурскиот материјал по истекот на утврдените рокови за негово чување;<br>- ги чува и ракува со печатите и штембилот на општината;<br>- обработува документација како основа за изработка на анализи и информации |

| | |
|---|---|
| | |
| **2.Одделение за правни, општи работи и јавни дејности** | |
| **Реден број** | 09. |
| **Шифра** | УПР 0403А03001 |
| **Ниво** | А3 |
| **Звање** | Возач |
| **Назив на работно место** | Возач |
| **Број на извршители** | 2 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Средно гимназиско образование или средно стручно образование |
| **Други посебни услови** | - Возачка дозвола Б – категорија |
| **Работни цели** | - Активно, ефективно и ефикасно овозможување на безбеден транспорт на градоначалникот и вработените во општинската администрација,<br>- Редовно одржување на возилата сопственост на општината |
| **Работни задачи и обврски** | - извршува превоз на градоначалникот на општината и се грижи за неговата лична безбедност;<br>- извршува превоз на вработените во општината и се грижи за нивната лична безбедност;<br>- се грижи за исправноста на возилото со кое е задолжен, за хигиената во возилото, за алатот, за резервните делови и за опремата на возилото;<br>- води евиденција за извршените услуги со возилото и за неговата потрошувачка на гориво и масло и за поминатата километража со возилото;<br>- се грижи за редовно сервисирање, за роковите за технички |

| | |
|---|---|
| | преглед и за регистрација на возилото;<br>- одговара за својата работа во рамките на своите овластувања |

| | |
|---|---|
| | |
| **2.Одделение за правни, општи работи и јавни дејности** | |
| **Реден број** | 10 |
| **Шифра** | УПР0405А02015 |
| **Ниво** | А2 |
| **Звање** | Домаќин - хаусмајстор |
| **Назив на работно место** | Домаќин - хаусмајстор |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Средно гимназиско образование или средно стручно образование |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно одржување на општинската опрема и инсталации и вршење на ситни поправкина опремата и инсталациите во просториите |
| **Работни задачи и обврски** | - Набавка на потребни материјали<br>- врши ситнипоправкиситнипоправкинаопремата и инсталациитевопросториите<br>- Грижа за радијатори и други помошни уреди поврзани со парен котел<br>- пријавува дефекти кај надлежни сревиси<br>- Се грижи за одржување и уредување на дворот околу општинската зграда |

| | |
|---|---|
| **2.Одделение за правни, општи работи и јавни дејности** | |
| **Реден број** | 11 |
| **Шифра** | УПР0402А02001 |
| **Ниво** | А2 |
| **Звање** | Портир II |
| **Назив на работно место** | Чувар Портир II |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Средно гимназиско образование или средно стручно образование |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно ефективно и ефикасно обезбедување на општинската зграда и вработените во општината |
| **Работни задачи и обврски** | - Водење на евиденција на странките кои влегуваат во општината<br>- Водење евиденција за редовноста на државните службеници<br>- Насочување на странките кон надлежниот службеник<br>- Чување на клучевите, од возилата и останатите простории во надлежност на општината<br>- Закажување на странки за прием кај градоначалникот |

| 2.Одделение за правни, општи работи и јавни дејности | |
|---|---|
| **Реден број** | 12 |
| **Шифра** | УПР0405А02001 |
| **Ниво** | А2 |
| **Звање** | Хигиеничар |
| **Назив на работно место** | Хигиеничар |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Основно образование |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно ефективно и ефикасно одржување на хигиена во просториите и околу општинската зграда |
| **Работни задачи и обврски** | - ја одржува хигиената и ги чисти работните простории во објектот и околу него<br>- се грижи за уредно одржување на опремата<br>- редовно ги опслужува санитарните чворови со средства за хигиена<br>- навремено сигнализира потреби на средства и опрема на средства за хигиена<br>- го одржува зеленилото во општинскиот парк |

| | |
|---|---|
| 3. Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина | |
| **Реден број** | 13 |
| **Шифра** | УПР0101Б04000 |
| **Ниво** | Б4 |
| **Звање** | Раководител на одделение |
| **Назив на работно место** | Раководител на одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје: Инженерство и технологија<br>Научно истражувачко поле: Градежништво |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно ефетктивно и ефикасно обезбедување вршење на работите од подрачјата за кој е формирано одделението, а кои се поврзани со функциите на општината согласно Законот за локалната самоуправа, други закони, прописи и општи акти, како и ефикасно раководење со одделението |
| **Работни задачи и обврски** | - раководи со одделението, ја организира, насочува и координира работата на одделението, ги распоредува работите и задачите на вработените во одделението и врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите од одделението; |

| | |
|---|---|
| | - ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и просторното и урбанистичко планирање, комуналните дејности, заштитата на животната средина и локалниот економски развој и се грижи за нивната примена и подготвува и предлага план за работа на одделението и се грижи за реализирање на планот за работа;<br>- ги следи и анализира состојбите во областа на просторното и урбанистичкото планирање комуналните дејности, заштитата на животната средина и локалниот економски развој на подрачјето на општината и предлага мерки и активности за подобрување на уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата;<br>- се грижи за изработка на годишната програма на урбанистички планови, за подготовка на нацрт и предлог урбанистички план населените места во општината и подготовка на нацрт и предлог на урбанистички план за село вон населените места во општината и за спроведување на законската постапка за нивно донесување;<br>- се грижи за вршењето на комуналните работи од областа на водоснабдувањето и одведувањето наурбаните отпадни води, комуналната хигиена и одржувањето и користењето на парковите и зеленилото, изградбата и одржувањето на јавното осветлување, именувањето на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти и за другите комунални работи во надлежност на општината;<br>- ги следи и ги анализира состојбите во областа на заштитата и спречувањето од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштитата на природата, заштитата од бучава и нејонизирачко зрачење на подрачјето на општината и предлага мерки за нивно унапредување;<br>- ја организира, координира и ја следи имплементацијата на стратегијата за локален економски развој и стратегијата за поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и претприемништвото;<br>- одговорен државен службеник за имплементација на стандардите ИСО 9001 и КАФ 2013<br>- врши оценување на работењето на вработените во одделението и врши оценка на потребите за обуки и предлага насоки за доусовршување на вработените<br>- |

| | |
|---|---|
| | |
| **4.Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина** | |
| **Реден број** | 14 |
| **Шифра** | УПР0101В01000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за документација за градба и заштита на животната средина |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје: Инженерство и технологија<br>Научно истражувачко поле: Градежништво |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефикасно, ефективно извршување на работните задачи кои произлегуваат од делокругот на работното |

| | |
|---|---|
| | место и кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на Одделението, издавање на документи за градба. |
| **Работни задачи и обврски** | - Самостојно врши најсложени стручно-административни, нормативно-правни и промотивно-информативни работи од делокругот на работата на Одделението;<br><br>- Континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на просторното и урбанистичко планирање и градење и врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби;<br><br>- Изготвување и изработка на прописи, општи акти и информативно-аналитички материјали, изготвува предлог-одлуки и други прописи, програми и други акти, изготвува анализи, информации и други материјали и изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината;<br>- Дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти;<br>- Води постапки и изготвува одобренија за градење на градби од локално значење и води постапки и изготвува одобренија за градење на градби на земјоделско земјиште;<br>- Учествува во постапката за легализација на објекти изградени на земјоделско земјиште и изготвува одобренија за потврдување на бесправен објекти зграден на земјоделско земјиште и учествува во постапката за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти;<br>- Ја води постапката и изготвува Б интегрирани дозволи и ја води постапката и изготвува решенија за одобрување на елаборати за заштита на животната средина;<br>- Учествува во подготовка на материјали и документи кои содржат: прописи и општи акти од областа на урбанизмот и заштита на животната средина, учествува во изготвување на прописи и други акти од надлежност на општината;<br>- Подготвува и други поединечни акти од надлежност на Градоначалникот и изготвува стручни анализи, информации и други материјали за работните тела;<br><br>- Дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониските нивоа. |

| | |
|---|---|
| | |
| **4.Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина** | |
| **Реден број** | 15 |
| **Шифра** | УПР0101В01000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за Градежно земјиште |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје: Инженерство и технологија<br>Научно истражувачко поле: Градежништво |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно изготвување на нормативни и општи акти од делокругот на одделението и од областа на градежното земјиште |

| | |
|---|---|
| | |
| **Работни задачи и обврски** | - Ги следи проучува и применувазаконитепрописите и општитеактиодобластанаградежнотоземјиште;<br><br>- Подготовка на стратегии акциони планови и програми од областа на градежното земјиште;<br><br>- Подготвува нормативни и општи акти од надлежност на Советот и Градоначалникот од областа на градежното земјиште;<br>- Решава имотно правни односи во врска со градежното земјиште и го следи нивното ;<br>- Изработува база на податоци на недвижен имот за потребите на ГИС системот<br>- Припрема и изготвува и склучува судски и вонпарнични спогодби;<br>- Изработува програма за градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија;<br>- Изготвува документи за воведување во работа на изведувач во градежни активности;<br><br>- Дава стручна помош, совети и врши менторство на административните службеници од пониските нивоа. |

| | |
|---|---|
| | |
| **4.Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина** | |
| **Реден број** | 16 |
| **Шифра** | УПР0101В01000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за комунални работи |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје: Инженерство и технологија |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење на работи од областа на комуналните дејности со цел рационално и квалитетно уредување на просторот со комунална инфраструктура и одржување на комуналната и јавната чистота. |
| **Работни задачи и обврски** | -самостојн оизвршува најсложени работи и задачи што се вршат во одделението со повремени упатства и надзор од раководителот;<br><br>-континуирано ги следи законските происи и другите општи акти од областа на комуналните дејности и дава стручни појаснувања и мислења за нивна примена;<br><br>-ги следи и анализира состојбите во kомуналните дејности;<br><br>-го следи функционирањето на комуналните објекти; |

| | |
|---|---|
| | -се грижи за навремено отстранување на појавените недостатоци и дефекти заради нормално функционирање;<br>-изготвува пресметки за потребни средства на комунални објекти;<br>-води евиденција на изградените комунални инфраструктурни објекти од страна на општината;<br>-врши увид на теренот и изготвува извештај за потребата од изградба, реконструкција и одржување на комуналнио бјекти;<br>-изготвува стручно аналитички и друг материјал за комисиите на Советот на општината. |

| | |
|---|---|
| **4.Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина** | |
| **Реден број** | 17 |
| **Шифра** | УПР0101В04000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за Урбанизам |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделението |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје: Инженерство и технологија<br>Научно истражувачко поле: Градежништво |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно ефективно и ефикасно извршување на работи и активности од областа на уредувањето на градежното земјиште просторното и урбанистичкото планирање воопштината |
| **Работни задачи и обврски** | - ги следи законските прописи и други општи акти од областа на уредувањето на градежното земјиште, комуналните дејности, градбата и просторното и урбанистичко планирање<br>- прибира податоци неопходни за изготвување на анализите за давање мислење за предлог урбанистичките планови во општината од аспект на уредувањето на градежното земјиште<br>- учествува во подготовката на годишната програма за уредување на градежното земјиште<br>- ја обезбедува целокупната урбанистичка техничка документација<br>- ги подготвува договорите за надоместок за уредување на градежното земјиште<br>- го следи исполнувањето на обврските за уредување на градежното земјиште по секој склучен договор за надоместок за уредување на градежното земјиште<br>- помага во собирање и обработка на податоци и материјали потребни за подготвување на анализи и информации за инвестирање |

| | |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| **4.Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина** | |
| **Реден број** | 18 |
| **Шифра** | УПР0101Г01000 |
| **Ниво** | Г1 |
| **Звање** | Самостоен референт |
| **Назив на работно место** | Самостоен референт за Уредување на градежно земјиште, локални патишта и улици |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделението |
| **Вид на образование** | Вишо, Средно гимназиско образование или средно стручно образование |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно ефективно и ефикасно извршување на задачите од областа на локалните патишта и улици |
| **Работни задачи и обврски** | - се грижи за доследно реализирање на редовните задачи во делот на локалните патишта, улиците и комуналните работи;<br>- учествува во изработката на годишните програми за изградба , реконструкција и одржување и заштита на локалните патишта и улици;<br>- ги следи состојбите и ги проучува прописите од областа на јавните патишта;<br>- ги спроведува одлуките на Советот на општината за локалните патишта и улици;<br>- се грижи за навремено и ефикасно поставување на уличната сообраќајна сигнализација и навремено и ефикасно спроведување на одлуките на Советот за режимот на сообраќајот во општината;<br>- се грижи за изградбата, реконструкцијата, одржувањето на локалните патишта и улици во општината;<br>- ги координира активностите на лицата ангажирани преку центарот за социјални работи за вршење работи од јавен интерес за општината |

| | |
|---|---|
| **4 .Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина** | |
| **Реден број** | 19 |
| **Шифра** | УПР0101Г01000 |
| **Ниво** | Г1 |
| **Звање** | Самостоен референт |
| **Назив на работно место** | Самостоен референт за работа на ГИС |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на Одделението |
| **Вид на образование** | Вишо, средно гимназиско образование или средно стручно образование |
| **Други посебни услови** | |

| | |
|---|---|
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно и квалитетно поддржување на работите од делокругот на Одделението, посебно во областа на урбанизмот и заштита на животната средина. |
